# ЗАПИСНИК

*од Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **22.10.2008 година, 10 часот***
*Уставна сала, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата беа поканети и присуствуваа Н.Е г. Бернард Валеро, амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, г. Патрик Паке, прв секретар и шеф на политичкиот и информативниот сектор во Делегацијата на Европската комисија, г. Џорџо Бутини, советник во Делегацијата на Европската комисија, г. Зоран Петров, заменик министер за надворешни работи, г-ѓа Агнеза Руси, директор на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, члeновите на Националниот совет за евроинтеграции, претставници на синдикатите, стопанските комори, верските заедници, невадиниот сектор, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

За седницата беше предложен следниов:

**Дневен ред:**

1. Клучни поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија и Република Македонија.

2. Предлози и прашања.

Г. Роберт Поповски предложи Дневниот ред да се дополни со Барање од Здружението на новинари на Македонија да се поддржат заложбите и реакциите кои се однесуваат на начинот на кој властите на Република Грција постапија кон македонските новинари.

Националниот совет со консензус го усвои предлогот на г. Поповски и Дневниот ред беше дополнет.

## ТОЧКА 1: КЛУЧНИ ПОЕНТИ ОД ТЕКОТ НА ДИЈАЛОГОТ ЗА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ВИЗНИОТ РЕЖИМ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Воведно излагање по оваа точка имаше заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања Ивица Боцевски.

Свое излагање имаше и амбасадорот на Република Франција во Република Македонија Н.Е г. Бернард Валеро.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа: г. Роберт Поповски, г. Ивица Боцевски, г. Кенан Хасипи, г. Александар Кржаловски, г. Александар Николовски, г. Тито Петковски, г. Бернар Валеро, г. Мирче Чекреци и г-ѓа Радмила Шекеринска.

По однос на точката, едногласно беше заклучено дека Националниот совет за евроинтеграции:

- смета дека визната либерализација е важен приоритет за Република Македонија и нејзините граѓани;
- ја разгледа Информацијата за клучните поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија;
- го поздрави напредокот кој Република Македонија го постигнува во исполнувањето на обврските;
- ги повикува институциите да остварат поголема соработка и да ги исполнат бараните реформи;
- ќе се вклучи во исполнувањето на сите обврски кои Република Македонија ги превзеде;
- ќе се вклучи во поширока дипломатска активност со земјите членки на Европската унија, при што ќе ги застапува придобивките од промената на визниот режим за двете страни.

**ТОЧКА 2: БАРАЊЕ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ПОДДРЖАТ ЗАЛОЖБИТЕ И РЕАКЦИИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА НАЧИНОТ НА КОЈ ВЛАСТИТЕ НА РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ПОСТАПИЈА КОН МАКЕДОНСКИТЕ НОВИНАРИ.**

Воведно излагање по оваа точка имаше претседателот на Здружението на новинари на Македонија Роберт Поповски.

г. Зоран Петров информираше за активностите кои Министерството за надворешни работи ги превзело во двата случаи, односно согласно надлежностите МНР реагираше со две протесни ноти, од кои едната е испратена и до институциите во Брисел.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа и г. Ивица Боцевски и г. Александар Николовски.

По завршувањето на дискусијата, едногласно беше заклучено дека Националниот совет за евроинтеграции:

- го поддржа барањето на Здружението на новинари на Македонија во кое е укажано Република Грција да го промени начинот на однесување кон македонските новинари, јавно да се извини за настанатиот инцидент и во иднина да овозможи непречено остварување на нивните професионални обврски;

- со писмо ќе се обрати до Европскиот парламент;
- препорачува ова прашање да биде отворено на следната средба на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија

**ТОЧКА 3: ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ**

Претседателот Шекеринска ги извести членовите и претставниците на Националниот совет за претстојната средба со г. Серхиј Холоватија, претседател на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа закажана за 03.11.2008 година во 13,20 часот, а за 12.11.2008 година ја најави седницата на Советот на која ќе присуствува претставник на Европската комисија, за што ќе следи официјална покана.

Советот заврши со работа во 12.30 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки и списокот на присутни членови и претставници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**